Врз основа на член 100 став 1 алинеа 1 од Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2008), Собранието на КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, донесе

# СТАТУТ
# НА КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут поблиску се уредува организацијата на КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, (во натамошниот текст : Комората), облиците на здружување на овластените геодети, правата и должностите на овластен геодет, постапката за упис во имeникот на Комората, дисциплинската постапка за утврдување на повреда на должноста и угледот од страна на овластен геодет, јавноста во работата на Комората и други прашања од интерес на нејзините членови.

### Член 2

Името на Комората гласи:
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Седиштето на Комората е во Скопје, ул. Мајаковски, број 3 / М3.
Комората има свој печат, грб и свој жиг.

### Член 3

Основачи на Комората се овластените геодети од Република Македонија.

Членството се потврдува со уредно потпишана пристапница за членство во Комората.

Овластените геодети се здружуваат заради застапување и усогласување на заедничките интереси, како и заштита на јавните интереси и заштита на интересите на трети лица.

Кон Комората можат да пристапат и нови членови кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот за катастар на недвижности и статутот на Комората.

**Член 4**

Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Комората се уредуваат со овој статут и со другите акти на Комората.

Дејноста на Комората според НКД е 91.11/1.

Комората е самостојна, непрофитна и независна организација со својство на правно лице.

**Член 5**

Овластен геодет е физичко лице овластено за вршење на геодетски работи од страна на Комората.

Овластениот геодет ги врши следните геодетски работи

- Премер
- Теренски геодетски работи кои се однесуваат на основните геодетски работи и на топографските карти и
- Геодетски работи за посебни намени

**Член 6**

1) Комората врши јавни овластувања утврдени со Законот за катастар на недвижности и за истите води евиденција.
2) Јавните овластувања од став 1 од овој член се однесуваат на постапката за стекнување, продолжување, престанок и одземање на овластување за овластен геодет.

Комората, под услови на реципроцитет и доколку ги познава законите и другите прописи на Р. Македонија од областа на геодетските работи, му потврдува овластување на странски геодетски инженер за да може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија.

Комората спроведува испит за стекнување овластување за овластен геодет и им издава овластување на лицата кои го положиле испитот пред комисијата за полагање на испит за овластен геодет при Комората.

Комората го продолжува овластувањето за овластен геодет на секои десет години, доколку овластениот геодет посетувал по дваесет часа годишно континуирана едукација од областа на геодетските работи и поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет со сертификат за посетена едукација издаден од страна на Комората најдоцна шест месеци пред истекот на рокот на важење на издаденото овластување.

Комората, кога при надзор над работењето на трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи од страна на Агенцијата за катастар на недвижности се утврдени незаконитости во извршувањето на геодетските работи и по предлог на Директорот на

Агенцијата, донесува решение за одземање на овластувањето за овластен геодет кое се запишува во именикот на овластени геодети.

Комората, кога на овластениот геодет му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност или кога овластениот геодет делумно ја изгуби деловната способност, го одзема овластувањето за овластен геодет со право по истекот на времето за кое е изречена прекршочна санкција, односно по престанокот на причините за делумно губење на деловната способност овластениот геодет да побара враќање на овластувањето.

Комората, кога овластениот геодет не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет во согласност со член 79 став 3 го одзема овластувањето за овластен геодет, со право да може да се бара враќање на овластувањето по истекот на една година од денот на одземањето на овластувањето.

Комората констатира престанок на овластување за овластен геодет во случаите предвидени во член 80 од законот за катастар на недвижности.

3) Комората води именик на овластени геодети во кој го запишува секое одземање и престанок на овластувањето за овластен геодет, води евиденција за дисциплинските постапки и други евиденции предвидени во овој Статут.
4) Именикот и евиденциите од став 3 од овој член се јавни книги. Извадоците од нив и потврдите издадени врз основа на тие евиденции се јавни документи.
5) Надзорот над вршењето на јавните овластувања од став 2 од овој член го спроведува органот на државната управа надлежна за вршење на работите од областа на геодетските работи.

## II. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА КОМОРАТА

### Член 7

(1) За застапување и усогласување на заедничките интереси на овластените геодети, заштита на јавните интереси и заштита на интересите на трети лица, како и унапредување на геодетската дејност во Република Македонија и остварување на соработка на меѓународен план со сродни организации, Комората ја остварува својата активност врз основа на Уставот на Р. Македонија, Законот за катастар на недвижности, подзаконските акти, со овој статут и со другите општи акти на Комората.
(2) За остварување на активностите од став 1 од овој член, Комората:

1. Ја чува честа, угледот и правата на овластените геодети и обезбедува услови за правилно вршење на геодетските работи, стручните работи на проектирање и ревизија на проекти од областа на геодезијата;
2. Ја изготвува и ја донесува програмата за континуирана едукација на овластените геодети и врши надзор над стручното оспособување на овластени геодети и издава уверенија за спроведено стручно оспособување;
3. Се грижи за постојано стручно оспособување на своите членови и воспоставува разни облици на соработка со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на геодезијата, со факултетите, други комори, здруженија и асоцијации на геодетски инженери и сл;
4. Ја развива професионалната етика на овластените геодети;
5. Остварува соработка со единиците на локалната самоуправа за работите од областа на геодезијата и
6. Воспоставува и развива соработка со Комори на геодети на други држави и со меѓународни организации на геодети и/или инженери, како и со други проофесионални организации и здруженија.

(3) За вршењето на јавните овластувања Комората поднесува годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на геодезијата.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

### Член 8

Членовите на комората ги остваруваат своите интереси во Комората на овластени геодети во согласност со овој Статут и организационата поставеност на Комората.

### Член 9

(1) Органи на Комората се: Собрание на Комората, Управен одбор на Комората и Претседател на Комората.
(2) Членовите на Управниот одбор и Претседателот на Комората се избираат од страна на Собранието на Комората, за време од две години со право на повторен избор за уште еден мандат.
(3) Претседателот на Комората е и претседател на Управниот одбор.

(4) При изборот на Претседател на Комората и на членови на Управниот одбор треба да се има во предвид правичната застапеност на припадниците на сите заедници.
(5) Собранието и другите органи и тела на Комората во својата работа во однос на употребата на службен јазик постапуваат во согласност со Амандман 5 од Уставот на Република Македонија.

## 1. Собрание на Комората

### Член 10

(1) Собранието го сочинуваат сите лица кои имаат овластување за овластен геодет.
(2) Собранието може да заседава ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број на членовите од член 3 став 1 и 2 од овој Статут и донесува правосилни одлуки со мнозинството гласови од присутните членови на седницата.
(3) Секој член на Собранието има право на еден глас.
(4) Овластен геодет на кој му е одземено овластувањето нема право да учествува во работата на Собранието на Комората.

### Член 11

Собранието на Комората:

- Донесува Статут и други акти на Комората
- Донесува Деловник за работа на Собранието
- Избира и разрешува членови на Управниот одбор и Претседател на Комората
- Избира и разрешува Претседател и членови на дисциплинската комисија на Комората
- Донесува Програма за континуирана едукација на овластените геодети
- Ја усвојува годишната сметка за изминатата година и предлогот на финансискиот план за наредната година
- Го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности на Комората, подготвен од Претседателот на Комората
- Одлучува за висината на членарината и начинот на нејзино плаќање
- Донесува кодекс на професионалната етика на овластените геодети
- Донесува правилник за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и на други лица

- Донесува правилник за прогласување на почесни членови на Комората
- Ги усвојува правилниците на професионалните одделенија на Комората, претходно одобрени од страна на Управниот одбор на Комората
- Донесува правилник за начинот и постапката за организација и одржување на натпревари од областа на геодезијата
- Разгледува прашања од значење за геодетската дејност
- Разгледува прашања предложени од страна на Управниот одбор и Претседателот на Комората
- Одлучува по молби, жалби и приговори на одлуките на Управниот одбор
- Разгледува прашања од значење за остварување на активностите и целите на Комората
- Одлучува за прашања предвидени со Закон и со Статутот на Комората

Собранието на Комората се состанува редовно еднаш годишно.

На редовната годишна седница Собранието на Комората одлучува за годишната сметка и за предлогот на финансискиот план за наредната година и го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности.

Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика Претседателот на Комората, а врз основа на одлука на Управниот одбор или по писмено барање од најмалку триесет членови на Комората. Ако Претседателот не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на барањето на членовите на Комората, седницата ќе ја свика член на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето.

Седниците на Собранието се јавни.

Собранието работи според Деловникот за работа на Собранието на Комората.

**Член 12**

(1) Покана за седница на Собранието се упатува на членовите најдоцна десет дена пред одржувањето на седницата.
(2) Во поканата од став 1 од овој член треба да се назначи предлог на дневен ред на седницата, место и време на нејзиното одржување.
(3) Со поканата од став 1 од овој член се доставуваат и сите материјали припремени за седницата на Собранието, ако со Деловникот за работа на Собранието на Комората не е поинаку уредено.

## 2. Управен одбор

### Член 13

(1) Управниот одбор е составен од седум члена од кои пет члена од редот на членовите на Комората и на предлог на директорот на Агенцијата два члена од редот на вработените во Агенцијата.

(2) Претседателот на Комората е и претседател на Управниот одбор.

(3) Претседателот и Членовите на управниот одбор се избираат за време од две години со право на повторен избор на уште еден мандат.

### Член 14

Управниот одбор на Комората:

- Утврдува нацрт на Статутот и на другите акти на Комората
- Донесува решение за издавање, продолжување, престанок и одземање на овластувањето за овластен геодет
- Ја изготвува и предлага програмата за континуирана едукација на овластени геодети и издава уверенија за спроведување стручно оспособување
- Се грижи за статусот на овластените геодети
- Го организира континуираното стручно оспособување на овластените геодети со организирање на семинари и предавања согласно со Програмата за континуирана едукација на овластените геодети
- Води именик на овластените геодети
- Ги подготвува седниците на Собранието на Комората
- Ги извршува одлуките на Собранието на Комората
- Составува предлог на годишната пресметка и предлог на финансискиот план за наредната година
- Се грижи за наплата на членарината
- Утврдува предлог тарифник за висината на надоместокот на трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи за извршените геодетски работи, во согласност со член 94 од Законот за катастар на недвижности
- Го утврдува предлогот на Кодексот на професионалната етика на овластените геодети
- Изготвува годишен извештај за работата на Комората
- Одлучува по жалби и приговори на членовите на Комората

- Одлучува за други прашања кои со Закон или со Статутот на Комората се ставени во негова надлежност
- Ги разгледува и дава согласност на правилниците на регионалните ограноци
- Донесува Деловник за работа на Управниот одбор
- Донесува одлуки од својот делокруг на работа
- Ја утврдува висината на средствата со кои може да располага Претседателот на Комората
- Одлучува за зачленување на Комората во меѓународни и други здруженија и организации на геодети и/или инженери и именува претставници од Комората во тие здруженија и организации
- Се грижи за унапредување на соработката со Комори од други земји, како и со соодветни стручни и професионални здруженија во странство
- Именува главен и одговорен уредник на весникот на Комората и членови на издавачката редакција
- Ги одобрува извештаите на Претседателот на Комората
- Врши работи од општо значење за геодетската дејност
- Ја следи работата на овластените геодети и превзема мерки за правилно вршење на нивната работа
- Врши работи од делокругот на Комората доверени од Собранието на Комората
- Врши и други работи одредени со Закон, со овој Статут и со општите акти на Комората.

**Член 15**

(1) Управниот одбор на Комората се состанува на редовни седници, по правило, еднаш месечно.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот на Комората.

Вонредна седница Претседателот на Комората во рок од 15 дена ќе закаже и ако писмено побараат најмалку четири члена на Управниот одбор на Комората.

(2) Во поканата мора да биде наведен дневниот ред, времето и местото на одржување на седницата.

(3) Управниот одбор може правосилно да донесува одлуки ако на седницата присуствува мнозинство од членовите и ако за одлуката гласале мнозинство од присутните членови, ако со овој Статут не е поинаку определено.

(4) По исклучок од став 3 од овој член Управниот одбор одлучува со повеќе од половина од сите членови кога:

1. Го утврдува предлогот на Статутот, Кодексот на професионалната етика и утврдува предлог тарифник за висината на надоместокот на трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи за извршените геодетски работи, во согласност со член 94 од Законот за катастар на недвижности

2. Одлучува за зачленување на Комората во меѓународни здруженија и организации на геодети и/или инженери и именува претставници од Комората во тие здруженија односно организации,

3. Ја утврдува висината на средствата со кои може да располага Претседателот на Комората,

4. Го утврдува извештајот за работа на Комората

5. Го одобрува извештајот на Претседателот на Комората.

**Член 16**

Следејќи ја работата на овластените геодети Управниот одбор е овластен да:

1. Дава потребни упатства, предупредувања и да носи одлуки во врска со тие работи,
2. Бара од овластените геодети известувања и податоци кои се однесуваат на вршење на нивната работа и
3. Превзема потребни мерки за отстранување на несогласувања на овластените геодети во врска со нивната работа.

**Член 17**

(1) Управниот одбор грижејќи се за постојано стручно усовршување на геодетите организира:
- советувања, семинари, натпревари, предавања, трибини и слично и
- издавање списанија, книги и слично.

(2) Постојаното стручно усовршување од став 1 од овој член може да се организира во соработка со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на геодезијата, со други државни органи, со локалната самоуправа, со факултети, со стручни и научни установи и здруженија итн.

(3) Разните облици на стручно усовршување Управниот одбор може да ги организира и остварува во соработка со странски Комори на геодети и/или инженери и други стручни здруженија односно организации.

## 3. Претседател на Комората

### Член 18

Претседателот на Комората е и претседател на Управниот одбор.

Претседателот на Комората ја претставува и застапува Комората.

Претседателот на Комората се избира за време од 2 години со право на повторен избор за уште еден мандат.

Претседателот на Комората ги врши следните работи:

- раководи со работата на Комората,
- ги потпишува актите што ги донесуваат Собранието и Управниот одбор и се грижи за нивно спроведување,
- ги свикува и води седниците на Собранието,
- ги свикува и води седниците на Управниот одбор,
- ја координира работата на Комората и нејзините органи и тела,
- ги потпишува сите документи од материјалното и финансиското работење на Комората,
- ги потпишува спогодбите и договорите што ги склучува Комората,
- подготвува извештај за севкупните активности на Комората и го доставува до Собранието на Комората на усвојување,
- одобрува исплата од благајната на Комората до износ кој го одредил Управниот одбор и располага со тие средства и
- врши други работи предвидени со Законот за катастар на недвижности, со овој Статут или со друг општ акт на Комората,
- врши работи кои ќе му ги доверат Управниот одбор и Собранието на Комората.

За својата работа Претседателот на Комората одговара пред Собранието на Комората и Управниот одбор на Комората.

### Член 19

За својата работа помеѓу две седници Претседателот на Комората должен е на првата наредна седница да го извести Управниот одбор на Комората.

Претседателот и членовите на Управниот одбор ја вршат својата функција бесплатно.

Претседателот и членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок на вистинските трошоци што ги имале во врска со вршењето на функцијата.

Одлуката за висината на трошоците ја донесува Управниот одбор на Комората .

## 4. Професионални одделенија

### Член 20

(1) Во Комората се основаат следните професионални одделенија:
   1. Одделение за катастар,
   2. Одделение за инженерска геодезија,
   3. Одделение за Гео Информациони системи,
   4. Одделение за картографија,
   5. Одделение за фотограметрија,
   6. Одделение за вреднување и унапредување со недвижности.

(2) По потреба, покрај одделенијата од став 1 од овој член во Комората може да се формираат и други одделенија до геодетската дејност, за што одлучува Управниот одбор.

(3) Професиналните одделенија носат правилнци кои стапуваат во сила кога ќе ги одобри Управниот одбор на Комората и ќе ги усвои Собранието на Комората.

(4) Со правилниците од став 3 од овој член поблиску се определува организацијата и работата, правата и обврските на членовите на одделението, како и други прашања од интерес за работата на одделението во согласност со одредбите од Законот за катастар на недвижности, со овој Статут, со Кодексот на професионална етика и со други општи акти на Комората.

### Член 21

(1) Тела на професионално одделение се: раководител, заменик раководител и одбор на одделение.

(2) Со одделението раководи раководител на одделението, а во случај на негово отсуство или спреченост негов заменик.

(3) Во професионално одделение по потреба може да формираат и повеќе професионални одредби.

(4) Професионалните одделенија со своето дејствување не смеат да им нанесуваат штета на членовите на Комората.

(5) Професионалното одделение на седницата избира членови на одборот, раководител на одделението и негов заманик со мандат од две години.

(6) При изборот на раководител на одделение како и при изборот на членови на одборот треба да се има во предвид соодветната и прввичната застапеност на припадниците на сите етнички заедници.

(7) Надлежност и начинот на работа на одборот се утврдува со правилник на одделението.

(8) Одборот на одделението има најмалку 7 (седум), а најмногу 11(единаесет) члена.

**Член 22**

(1) Професионалното одделение заради унапредување на работата, може да основа подрачен одбор.

(2) Подрачниот одбор брои 5 членови, а може да се основа за подрачјето на повеќе единици на локалната самоуправа.

Подрачниот одбор на седница го избира раководителот на одделението и неговиот заменик, со мандат од четири години.

(3) Одлука за основање на подрачен одбор донесува одделението на своја седница, со претходна одлука на Управниот одбор на Комората.

(4) Делокругот и работата на подрачниот одбор го определува одборот на одделението.

**Член 23**

(1) Редовна седница на одборот се одржува, по правило, еднаш месечно. Седницата ја свикува и со неа претседава раководителот на одделението или во негово отсуство неговиот заменик.

(2) Вонредна седница на одборот раководителот свикува по сопствена иницијатива, на барање на одборот или на барање на најмалку една половина од вкупниот број на членови на одделението.

(3) Седницата на одборот може да се одржи и да носи правосилни одлуки ако на неа присуствува мнозинството од вкупниот број на членови.

(4) На седницата на одборот одлуките се носат ако за нив гласало мнозинството од присутните на таа седница.

(5) Раководителот на одделението со писмено овласување од Претседателот на Комората може да ја застапува Комората за прашања од нејзиниот делокруг.

**Член 24**

(1) За вршење на стручни, административни, помошни и други работи Комората има стручна служба.

(2) Со стручната служба раководи секретар на Комората.

(3) Секретар на Комората се избира врз основа на конкурс.

## Член 25

(1) Стручната служба на Комората треба да одговара на потребите и барањата на членовите и да овозможи стручно, квалитетно, благовремено и одговорно извршување на задачите.

(2) Работите на стручната служба на Комората се утврдува со правилник за организација и систематизација, кој го донесува Управниот одбор во согласност со овој Статут.

# IV. ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ИМЕНИЦИТЕ НА КОМОРАТА

## Член 26

(1) Постапката за упис во соодветен Именик на Комораата, постапката за обнова за упис и во други случаи во кои се одлучува за правата и обврските на овластен геодет, освен ако со Закон за катастар на недвижности и со овој Статут не е поинаку уредено, се врши согласно одредбите од Законот за општата управна постапка.

(2) Правото за упис во соодветен именик на Комората се стекнува врз основа на добиено овластување од Комората.

(3) Правото на вршење на геодетските работи овластениот геодт го стекнува со упис во соодветен Именик на Комората.

(4) Ако се промени било кој податок во овластувањето.

## Член 27

(1) Запишување во соодветен именик се врши по поднесување писмено барање од овластениот геодет до Управниот одбор на Комората.

(2) Со барањето од став 1 од овој член потребно е да доставаи доказ дека е државјанин на Репиблика Македонија и дека има овластување.

(3) По поднесувањето на барање одлучува Управниот одбор на Комората за што Претседателот на Управниот одбор на Комората донесува решение.

## Член 28

(1) Комората води:

1. Именик на овластени геодети,

2. Регистар за издадени овластувања,

(2) Имeникот од став еден од овој член е јавна книга. Страниците на таа книга се означуваат со реден број. Именикот има свои рубрики определени со овој Статут или со посебен општ акт на Комората. Именикот се води во електронска форма. Извод издаден врз основа на податоците од именикот е јавен документ.

(3) Именикот од став 1 од овој член се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

(4) Регистарот од став 1 од овој член се води согласно одредбите од правилниците за издавање на овластување и лиценци.

## V. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО ВО КОМОРАТА

### Член 29

### Престанување на членството во Комората со престанок на овластување

На овластен геодет му престанува овластувањето за овластен геодет, членството во Комората и се брише од именикот во следните случаи:

1. во случај на смрт на овластениот геодет,
2. ако овластениот геодет целосно ја изгуби деловната способност,
3. ако овластениот геодет се наоѓа на издржување на казна затвор за извршено кривично дело во вршењето на геодетските работи за која му е изречена казна затвор подолго од шест месеци,

### Член 30

### Престанување на членството во Комората со одземање на овластување

На овластен геодет му престанува членството во Комората ако:

1. овластениот геодет во извршувањето на геодетските работи не постапува согласно Законот за катастар на недвижности и прописите донесени врз основа на него, правилата и стандардите на геодетската струка,

2. на овластениот геодет му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење професија, дејност или должност,

3. овластениот геодет делумно ја изгуби деловната способност,

4. овластениот геодет  во рокот од член 79 став 3 од Законот за катастар на недвижности не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет.

Овластениот геодет може да бара враќање на овластувањето и повторно членство во Комората во согласност со член 84 и 85 од Законот за катастар на недвижности.

На овластениот геодет на кој му е одземено овластувањето и му престанало членството врз основа на точка 1 од овој член, за повторно зачленување во Комората треба да ги исполни условите предвидени во членот 78 од Законот за катастар на недвижности.

## VI. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ

### Член 31

(1) Овластен геодет има право да избира и да биде избран во телата на Комората.

(2) Овластените геодети се должни да присуствуваат на седницата на Собранието и да учествуваат во работата на Собранието на Комората. Овластен геодет што е избран во другите тела на Комората, должен е да присуствува на седниците на тие тела.

(3) Овластениот геодет –член на Комората, должен е:

1. да постапува во согласност со заклучоците на телата на Комората,
2. на барање на телата на Комората без одлагање да дава податоци и известувања кои се однесуваат на неговата работа при вршењето на геодетските работи,
3. да плаќа членарина и останати давачки кои ќе ги утврдат телата и професионалните одделенија на Комората,
4. да ги врши работите совесно во согласност со Законот, со правилата на струката и со кодексот на професионална етика и
5. должен е да ги почитува авторските права.

### Член 32

(1) Овластен геодет има право и должност во рамките на законот и добиените овластувања да ги превзема потребните работи кои по негова оценка можат да му користат на барателот на кој му дава стручна помош.

(2) Овластен геодет, должен е да продолжи со давање на стручна услуга и по откажувањето на давањето на стручна услуга, ако тоа е потребно како би се отстранила некоја штета, но најмногу до триесет дена

по откажувањето на стручната помош, односно раскинувањето на договорот.

(3) Овластен геодет должен е по раскинувањето на договорот или извршувањето на работите, на барање на барателот да му ја предаде целата негова документација.

**Член 33**

(1) Овластен геодет смее да потпише и да стави свој печат само на елаборатите и другата документација кои ги изработил сам, односно кои се изработени под негово раководење.

(2) Ако елаборатите и другата документација се изработени со соработници, овластениот геодет е должен да ги наведе имињата на тие соработници.

## VII. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### 1. Дисциплинска комисија

**Член 34**

(1) Дисциплинската комисија е независно тело на Комората кое одлучува за тешки повреди на должноста и угледот на геодетот од страна на овластени геодети.

**Член 35**

(1) Дисциплинската комисија одлучува во состав од претседател и два члена.

(2) Со работата на Дисциплинската комисија раководи претседателот на Комисијата. Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот, него го заменува неговиот заменик.

**Член 36**

(1) Претседателот и членовите на Дисциплинската комисија ги избира и разрешува Собранието на Комората.

(2) Член на Дисциплинската комисија е разрешен ако за неговото разрешување гласало повеќе од половина од мнозинството на членовите на Собранието.

(3) Членот од став 2 од овој член, пред одржувањето на седницата на која ќе се одлучува за неговото разрешување, мора претходно да се запознае со барањето и мора да му се овозможи на седницата на Собранието да се изјасни за барањето за разрешувањето.

**Член 37**

(1) При одлучувањето членовите на Дисциплинската комисија се независни и одлучуваат врз основа на Устав, Закон, Закон за катастар на недвижности и Кодексот на професионална етика.

(2) Во постапка пред Дисциплинска комисија јавноста е исклучена.

**Член 38**

**Дисциплинска комисија**

1. одлучува за тешка повреда на должноста и угледот на геодетот,
2. одлучува за лесна повреда на должноста и угледот на геодетот,
3. одлучува за предлогот за прекинување на дисциплинската постапка,
4. врши и други работи определени со овој Статут.

**2. Дисциплинска одговорност на овластен геодет**

**Член 39**

(1) Овластен геодет одговара за повреда на должност и углед на геодет врз одредбите на Законот за катастар на недвижности, овој Статут и Кодексот на професионална етика.

**Член 40**

(1) За тешка повреда се смета недоличен однос спрема струката, односно пречекорување на начелата и правилата утврдени со Кодексот на професионална етика која има потешко значење со оглед на важноста на загрозените добра, природата на повредената должност, висината на

материјалната штета или други последици со оглед на околностите под кои е дејноста направена или пропуштена.

(2) Повреда на должноста и угледот на геодетот има ако:

1. стори казниво дело кое ја доведува во прашање неговата достојност за понатамошно вршење на геодетската дејност,

2. спротивно на законот и овластувањето кое го има посредува во одредени тела или правни лица кои вршат јавна дејност или ако постапува недостојно и спротивно на овластувањето,

3. несовесно ја врши геодетската дејност или нестручно ги советува и застапува клиентите на неговите услуги,

4. спротивно на Законот за катастар на недвижности го користат називот овластен геодет на штета на друг овластен геодет,

5. спротивно на одредбите на Кодексот на професионална етика превзема работа која ја договорил друг овластен геодет,

6. прими или побара провизија,

7. како вработен во правно лице не ги почитува актите на Комората или за нивната повреда не ја извести Комората,

8. побара или прибавува работи на недостоен начин или ако потпишува елаборати, стручно мислење и слично, изработени од неовластено лице,

9. не ги извршува материјалните обврски кои произлегуваат од членството во Комората,

10. тешко ги повреди своите должности во органите на Комората,

11. во определен рок не ја извести Комората за извршената промена на седиштето на бирото или друштвото и

**Член 41**

(1) За тешка повреда на должноста и угледот на геодетот може да се изрече мерката:

- укор

(2) За лесна повреда на должност и углед на геодетот може да се изречи мерката:

- опомена

**Член 42**

(1) Коморта е должна за донесените одлуки од Дисциплинската комисија да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на геодезијата.

### 3. Поведување на дисциплинска постапка

### Член 43

(1) Дисциплинската постапка ја поведува по службена должност дисциплинската комисија или по поднесено писмено барање за поведување на дисциплинска постапка.

(2) Правилник за дисциплинската постапка донесува Управниот одбор на Комората.

## VIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА КОМОРАТА

### Член 44

Работата на Комората е јавна. Јавноста на работата на Комората се обезбедува преку постојано информирање на членовите за работата на Комората.

### Член 45

(1) Комората има свој весник,

(2) Во весникот се објавуваат стручните и научните трудови од подрачјето на геодетката дејност, како и службените акти на Комората.

(3) Весникот го примаат сите членови на Комората.

### Член 46

(1) Главен и одговорен уредник, уредник на весникот и членовите на редакцијата ги иманува Управниот одбор, за време од три години.

(2) За својата работа членовите на редакцијата, главниот и одговорниот уредник и уредникот на весникот одговараат на Управниот одбор.

## IX. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА КОМОРАТА

### Член 47

(1) Финансиското работење на Комората се врши врз основа на годишна пресметка на приходите и расходите кои ги одобрува Собранието на Комората.

(2) Средствата за извршување на работите од надлежност на Комората се обезбедуваат од:

- надоместок за овластување,
- надоместок за членарина,
- надоместок од нострификација,
- донации,
- други извори утврдени со закон.

### Член 48

(1) Комората ги користи своите средства за вршење на работите на Комората утврдени со Законот за катастар на недвижности и со овој Статут.

(2) Управниот одбор може да одобри користење на средства на Комората и за други оправдани цели или потреби.

### Член 49

(1) Финансискотот работење на Комората се регистрира на основна и на посебна сметка.

(2) На основната сметка се регистрира финансиското работење на Комората.

(3) На посебна сметка се регистрира финансиското работење на професионалните одделенија.

### Член 50

Одлуката за лицата овластени за располагање со паричните средства на Комората ги носи Претседателот на Комората.

## X. ГРБ, ПЕЧАТ И ЖИГ НА КОМОРАТА

### Член 51

(1) Комората има свој грб кој го утврдува Собранието на Комората.

(2) Печатот и жигот на Комората се округли, со дијаметар од 36мм и натпис: Комора на овластени геодети на Република Македонија.

(3) Жигот е изработен од метал и се отпечатува на црвен восок.

(4) Комората има и сув жиг.

## XI. ПРЕСТАНОК НА КОМОРАТА

**Член 52**

(1) Комората престанува ако:

1. Собранието на Комората донесе одлука за престанок на Комората, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови,
2. Во случаи определени со Закон.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 53**

Толкувањето на одделни одредби од овој Статут дава Собранието на Комората.

**Член 54**

Измените и дополнувањата на овој Статут ќе се вршат во постапка како за неговото донесување.

**Член 55**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Охрид 03.04.2009година

Комора на овластени геодети на
Република Македонија
Претседател
Горданчо Бошкоски